ПРИЛОГ XIV
РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ 3

1.1 | Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанокот на работата на инсталацијата 3
1.2 | Делумен и целосен престанок со работа 3
1.3 | Престанок со работа - генерални насоки 4

1. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

1.1 | Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанокот на работата на инсталацијата

Согласно законските обврски дадени во член 120, односно член 122 став 4 од Законот за животна средина, операторот на инсталација со интегрирана еколошка дозвола, должен е да го извести надлежниот орган за намерата за престанок на работа на инсталацијата и е должен да му предложи план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата.

Предлог Планот треба да содржи детални мерки за ремедијација дадени во конкретна временска рамка и поддржани со соодветни финансиски детали за имплементација на мерките. Надлежниот орган ќе го одобри поднесениот предлог планот ако оцени дека со предложените мерки ќе се обезбеди враќање на животната средина во задоволителна состојба. Операторот е должен да ги спроведе мерките на начин и во рок утврден во предлог планот.

Во рамките на ова барање се дадени генерални насоки за престанок со работа и ремедијација. Конечните ќе бидат предмет на предлог План кој ќе го поднесе операторот заедно со известувањето за намерата пред да се случи престанок со работа.

Конечното престанување со работа ќе вклучи активности на безбедно демонтирање на инфраструктурата и на опремата, целосно искористување или дислокација на суровините и помошните материјали и отпадите, нивно дислоцирање од подрачјето околу локацијата на инсталацијата и ремедијација на целата локација. Локацијата ќе биде предмет на ремедијација и враќање на животната средина во задоволителна состојба, согласно идната намена на локацијата.

1.2 | Делумен и целосен престанок со работа

Операторот нема планови за делумен ниту за целосен престанок со работа во блиска иднина. Не се правени проценки за тоа колкав би бил работниот век на оваа инсталација.

Секој престанок со работа, особено целосниот, треба да биде направен на начин што ќе овозможи безбедно сведување кон крај на активностите што се изведуваат на локацијата на инсталацијата. Престанокот со работа треба да биде направен така да ги елиминира сите ризици за влијанија врз животната средина.

Одговорноста за спроведување на сите активности за безбеден и прифатлив начин на делумен или целосен престанок со работа е на операторот на инсталацијата.

Во случај на делумен или целосен престанок со работа направен е план за минимизирање на краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина, во форма на генерални насоки. Истите треба да бидат основа на идниот План за престанок за работа и ремедијација, а врз основа на најновите податоци за состојбата со локацијата и животната средина.

Главна одговорност во одлучување на понатамошната судбина на просторот и опремата која што во моментот на престанок на работа ќе биде затекната во него има највисокото раководство во соработка со координаторот за заштита на животна средина и тимот за заштита на животна средина.

1.3 | ПРЕСТАНОК СО РАБОТА - ГЕНЕРАЛНИ НАСОКИ

Известување

Деведесет (90) дена пред предвидениот престанок со работа операторот ќе достави писмено известување до општината за планираниот престанок, заедно со соодветно ажуриран План.

Пренамена на локацијата

Локацијата може да биде пренаменета за друг вид на активности.

Поради видот на активноста што се изведува во инсталацијата, оценка е дека не постои можност за загадување на локацијата по што не би можела да се користи за било кои други активности.

Минималните количини на отпад се лесно преносливи со што не се доведува во прашање евентуалната пренамена на локацијата.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина.

Контрола на влијанието од суровините, помошните материјали и производите

Со Планот за престанок со работа се претпоставува дека периодот на затварање би бил однапред познат и складираните количини на суровини, помошни материјали и готови производи би биле исцрпени или сведени на минимум.

Планот предвидува:

- продажба на кокошките несилки на друга фарма, инсталација за преработка на месо од живина или нивно враќање на добавувачот;
- продажба на сите пакувања од јајца;
- отстранување на сите видови и количини отпад од локацијата.

Контрола на влијанието од отпадот

Планот предвидува операторот да постапи со сите видови отпад создадени во неговата локација согласно неговите обврски како создавач на отпад, а кои произлегуваат од Законот за управување со отпад (Сл. весник 163/21).

Цврстиот неопасен отпад (целиот цврст отпад од оваа инсталација се класифицира како неопасен), по претходно известување и договор со општината ќе се одложи на место наложено од страна на општината.

Животинското ѓубриво целосно ќе се евакуира од внатрешноста на објектите и ќе се превземе од страна на Вардар био процес ДОО Градско со која Голден Ег има склучено договор за превземање на отпадот.

Угинатите кокошки ќе ги превземе депонијата Дрисла со која Голден Ег има склучено договор за превземање на отпадот.

Контрола на влијанието од отпадните води

Операторот нема да дозволи нарушување на квалитетот на животната средина со испуштање на нетретирана отпадна вода. За таа цел, тој ќе се погрижи:

- сите отпадни води затечени на локацијата ќе бидат отстранети од страна на надворешна компанија.

Планирано расчистување и чистење на градби и технички постројки

Опрема и возен парк

Доколку опремата и машините се сеуште функционални, ќе бидат преместени на соодветна локација за таа намена.

Доколку се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.

Карактеристиките на опремата се дадени во **Прилог II** од апликацијата.

Со искористената неупотреблива електрична и електронска опрема ќе се постапува во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл. весник 10/14).

Објекти

Основната конструкција на објектите е цврста градба и монтажни метални конструкции.

Операторот ќе се погрижи да ги отстрани сите бетонирани површини.

Градежниот отпад од цврстата градба (тули, цемент, малтер) би биле одложени на депонија за цврсти материјали или може да се продаде за повторна употреба како гранулационо полнило и агрегат.

При дислоцирање, дел од материјалите кои може да се искористат би биле демонтирани и дислоцирани, а останатата метална конструкција би била демонтирана и продадена како секундарна суровина.

Доколку се оцени дека е потребно, операторот ќе изврши дополнителен третман на тој отпад со цел негово безбедно одлагање. Сиот бетонски отпад може да се продаде за повторна употреба како гранулационо полнило и агрегат.

Операторот ќе се погрижи отпадот што нема да се продаде, безбедно да го одложи на депонија, по претхна консултација со надлежниот орган.

Одржливост и проверка на планот

Во текот на оперативниот живот на инсталацијата, Планот за престанок со работа и управување со резидуи ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои се направени на локацијата. Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражувања за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

KPAJ